„Мисвакот е средство за чистење на устата и задоволство за Господарот.“

Од Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, се пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Мисвакот е средство за чистење на устата и задоволство за Господарот.“

[صحيح] [رواه النسائي وأحمد]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известува дека чистењето на забите со гранче од дрвото арак или слично средство ја чисти устата од нечистотии и непријатна миризба, и дека тоа е една од причините за човекот да го стекне Аллаховото задоволство, бидејќи претставува послушност кон Аллах и исполнување на Неговата наредба, како и одржување на хигиената која Аллах ја сака.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3588